**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-286
09.05 **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а во врска со член 15 став 5 и став 6 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-2042/1 од 19.04.2018 година, поради недоставување писмен извештај на начин и во рок согласно со член 15 став 5 од Законот за медиуми од страна на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница, заради извршена повреда на член 15 став 5 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), а казнива по член 30 став 1 точка 5 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница, во законски предвидениот рок (31 март 2018 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-2042/1 од 19.04.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница, во рок од 45 (четириесетипет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските утврдени со членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 19 април 2018 година, извршила редовен административен надзор кај субјектот на надзорот: Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница, при што констатирала прекршување на член 15 став 5 од Законот за медиуми, на начин што Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница, во законски предвидениот рок (31 март 2018 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-2042/1 од 19.04.2018 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 15 став 5 и став 6 и член 29 од Законот за медиуми, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-2042/1 од 19.04.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за медиуми, утврдено во точка 1 на ова Решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница, се презема мерка – опомена и му се наложи, во рок од 45 (четириесетипет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, бр.10-2042/1 од 19.04.2018 година.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 19-04-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2042 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница

3. **Период опфатен со надзорот:** 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 април 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 15 став 5 од Законот за медиуми („Службен весник на РМ" бр. 184/13 и 13/14)**

  (Радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му достават писмен извештај, за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во РМ или надвор од неа);

6. **Претходно изречена мерка:** Нема

7. **Констатации од надзорот:**

Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница, **во законски предвидениот рок (31 март 2018 година) не достави до Агенцијата** писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во РМ или надвор од неа, со што **не ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми**.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 15 став 5 од Законот за медиуми,** Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница, не достави писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио емитување.

**9. Предлог мерка:**

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 5 од Законот за медиуми, а согласно член 15 став 6 од овој Закон, се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА Петре ДООЕЛ Виница и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му даде дополнителен рок од 45 дена од денот на приемот на решението, во кој радиодифузерот ќе биде должен да ја исполни обврската од член 15 став 5 од Законот за медиуми и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 15 став 5 од Законот за медиуми, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*